# ЈАВЕН ПОВИК
**за изразување интерес за учество**
**во тест-имплементација на стандарди за акредитација**
**на ординации од примарна здравствена заштита**

Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, согласно член 242 од Законот за здравствената заштита, има надлежност за утврдување на стандарди за акредитација на здравствени установи.

Изминатиот период, преку работна група составена од претставници на Агенцијата и претставници од релевантни чинители на здравствениот систем во Република Северна Македонија, Агенцијата работеше на изработка на стандарди за акредитација на ординации од примарната здравствена заштита, во дејностите по општа/семејна медицина, педијатрија и гинекологија и акушерство.

Стандардите се изработени во согласност со европската и меѓународната практика од овие области на здравствената дејност и ниво на здравствена заштита, имајќи ја предвид нормативната уреденост на вршењето на овие дејности во позитивната правна регулатива во Северна Македонија, стручните упатства за медицина заснована на докази кои согласно со современата светска медицинска практика се применуваат во нашата земја и искуствата од непосредната практична работа во вршењето на овие дејности.

Согласно методологијата за изработка и развој на стандарди, Агенцијата во наредниот период планира тест-имплементација на стандардите, така што работната верзија на изработените стандарди за акредитација ќе се пилотира во одреден број ординации. Агенцијата ги поканува сите заинтересирани приватни здравствени установи, кои во свој состав имаат ординации на примарно ниво во дејностите по општа/семејна медицина, педијатрија и гинекологија и акушерство, да се пријават и достават писмо за интерес до Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи.

Целта на тест-имплементацијата на стандардите е да се добијат квалитетни, соодветни и применливи стандарди за акредитација на ординациите од примарната здравствена заштита во дејностите по општа/семејна медицина, педијатрија и гинекологија и акушерство.

За пријавување на јавниот повик потребно е да се достави Писмо за интерес, кое треба да содржи:

- назив на приватната здравствена установа;
- седиште на приватната здравствена установа;
- седиште на ординацијата во која се предлага да се спроведе тест-имплементацијата (ако е различно од седиштето на установата и ако во состав на установата има повеќе ординации);

- контакт-телефон на овластениот претставник на приватната здравствена установа;
- адреса на електронска пошта на приватната здравствена установа.

Пријавата може да се достави во писмена форма до Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствени установи, бул. Гоце Делчев бр. 18, поштенски фах 115, 1000 Скопје или во електронска форма на следнава адреса: todor.shapov@zdravstvo.gov.mk, најдоцна до 17.05.2021 година, со назнака: ЈАВЕН ПОВИК за изразување интерес за учество во тест-имплементација на стандарди за акредитација на ординации од примарна здравствена заштита.

Контакт-лица:

- Лирим Исахи тел. 076/446-572
- Загорка Батункова тел. 070/509-386